Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), а во врска со член 6 став 1 алинеја 5 од Законот за волонтерството („Службен весник на РМ“ бр. 85/07, 161/08 и 147/15) и Програмата за волонтирање во Општина Крива Паланка бр.08-2439/1 од 15.11.2017 година, Општина Крива Паланка објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за организизирање на волонтерска работа и ангажирање на волонтери во Општина Крива Паланка

Со цел давање на можност, преку организирање на волонтерска работа и ангажирање на волонтери во Општина Крива Паланка, лицата кои ќе бидат ангажирани како волонтери да учат и континуирано да напредуваат во својата струка, заради стекнување на потребните практични знаења и подобрување на работните компетенции потребни за определени работни места и соодветна можност за понатамошно нивно перманентно вработување во Општината, Општина Крива Паланка со овој јавен повик **ја објавува потребата за организирање на волонтерска работа и ангажирање на 4 (четири) волонтери, кои ќе извршуваат волонтерска работа во рамките на административните работи од надлежност на Општината**.

Потребните профили на стручен кадар, кои ќе бидат ангажирани како волонтери се: **дипломиран инженер архитект, дипломиран градежен инженер, дипломиран економист и дипломиран правник**.

Кандидатите кои ќе поднесат барање за волонтерство во Општина Крива Паланка треба да имаат завршено високо образование на еден од следните факултети: **Архитектонскиот факултет, Градежниот факултет, Економскиот факултет и Правниот факултет, истите да имаат или да немаат работно искуство во струката и да имаат познавање во областа на управување со проектен циклус**.

Барањето за волонтерство во Општина Крива Паланка, заинтересираните кандидати можат да го поднесат секој работен ден во архивата на Општина Крива Паланка.

Кон барањето за волонтерство во Општина Крива Паланка, заинтересираните кандидати треба да приложат фотокопија од лична карта, фотокопија од уверение или диплома за завршено високо образование на еден од бараните факултети, кратка биографија и мотивационо писмо, како и сертификати за посетени обуки во области кои соодветствуваат со видот на нивното образование, како и во области поврзани со управување со проектен циклус.

**Рокот за пријавување на кандидати за волонтери во Општина Крива Паланка трае заклучно до 20.02.2019 година**.

Селекција и избор на волонтерите кои ќе поднесат барање за волонтирање ќе изврши Комисија составена од 3 (три) члена, формирана врз основа на Решение на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Изборот на кандидатите за волонтери во Општина Крива Паланка ќе биде направен согласно критериумите и потребите на Општината, по соодветна евалуација на поднесените документи и спроведено интервју со сите пријавени кандидати, по кое ќе биде изготвена ранг листа која што ќе биде објавена на Веб страната на Општината.

Кандидатите кои ќе бидат избрани за волонтери во Општина Крива Паланка ќе потпишат Договори за волонтерство во кои поконкретно ќе бидат утврдени условите, начинот, правата и обврските од волонтерството и волонтерскиот ангажман, а во согласност со одредбите од Законот за волонтерството и Порграмата за волонтерање во Општина Крива Паланка.

**Лице за контакт:**

**Лилјана Стојановска**

**тел. 075/504-019**
**e-mail: lstojanovska@krivapalanka.gov.mk**